Државната комисија за жалби по јавни набавки, врз основа на член 130 од Законот за јавните набавки, одлучувајќи по жалбата на жалителот „ТЕБА ЛТД“ ДООЕЛ Охрид, изјавена против Одлуката за поништување на постапката по Огласот за јавна набавка со поедноставена отворена постапка бр.04066/2021 за набавка на услуги – Редизајн на гастрономскиот водич “Вкусовите на мојата земја” на договорниот орган Агенција за промоција и поддршка на туризмот - Скопје, врз основа на 160 став (1) точка 2 и став (2), (3), (4) и (5) од Законот за јавните набавки („Службен весник на Република Македонија“ бр.24/2019 и бр.87/2021), на 19-та Седница одржана на ден 28.04.2021 година донесе:

# Р Е Ш Е Н И Е

**1. Жалбата** на жалителот „ТЕБА ЛТД“ ДООЕЛ Охрид, изјавена против Одлуката за поништување на постапката по Огласот за јавна набавка со поедноставена отворена постапка бр.04066/2021 за набавка на услуги – Редизајн на гастрономскиот водич “Вкусовите на мојата земја” на договорниот орган Агенција за промоција и поддршка на туризмот - Скопје, **СЕ ОТФРЛА ПОРАДИ НЕУРЕДНОСТ**.

**2. Решението** на Државната комисија за жалби по јавни набавки **е конечно по извршената достава.**

## *О б р а з л о ж е н и е*

Договорниот орган Агенција за промоција и поддршка на туризмот - Скопје започнал набавка со поедноставена отворена постапка бр.04066/2021 за набавка на услуги – Редизајн на гастрономскиот водич “Вкусовите на мојата земја” по што донел Одлука за поништување на постапката.

Незадоволен од Одлуката за поништување, жалба до Државната комисија за жалби по јавни набавки во хартиена форма, изјави економскиот оператор „ТЕБА ЛТД“ ДООЕЛ Охрид.

Постапувајќи по изјавената жалба, Државната комисија за жалби по јавни набавки изврши увид во Електронскиот систем за јавни набавки и врз

основа на член 160 став (1) точка 2 и став (2), (3), (4) и (5) од Законот за јавните набавки и најде дека:

***Жалбата е дозволена и изјавена од овластен подносител.***

***Жалбата е неуредна.***

Државната комисија за жалби по јавни набавки разгледувајќи ја жалбата, утврди дека истата е неуредна.

Имено, Државната комисија од извршениот увид во доставената документација од спроведената постапка, утврди дека целокупната постапка се водела со користење на електронски средства преку ЕСЈН на Бирото за јавни набавки, односно била спроведена поедноставена отворена постапка и огласот бил објавен на 12.03.2021 година, па согласно тоа, постапката е водена согласно Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија бр.24/2019).

Жалителот ја доставил жалбата со препорачана пратка во писмена (хартиена) форма до Државната комисија на 19.04.2021 година, иако согласно член 142 став (1) од Законот за јавните набавки (Службен весник на Република Македонија бр.24/2019), истата се поднесува во електронска форма преку ЕСЈН на Бирото за јавните набавки истовремено до Државната комисија и до договорниот орган.

Согласно член 142 став (1) од Законот за јавните набавки:„ (1) Жалбата се изјавува до Државната комисија во електронска форма, а се доставува истовремено до Државната комисија и договорниот орган преку ЕСЈН.“.

Согласно член 160 став (1) точка 2 од Законот за јавните набавки: „(1) Државната комисија во жалбената постапка може да: 2. ја отфрли жалбата поради ненадлежност, недозволеност, неуредност, ненавременост, непостоење правен интерес и поради тоа што е изјавена од неовластено лице;“.

Од причини што Државната комисија утврди дека изјавената жалба е неуредна, не се впушти во оценување на фактичката состојба и примената на материјалното право.

Предвид на изложеното се донесе Решение како во диспозитивот.

**<u>Упатство за правно средство:</u>** Согласно член 170 од Законот за јавните набавки и член 26 од Законот за управните спорови, против ова решение незадоволната странка може да поднесе тужба до Управниот суд во рок од 30 од денот на приемот на решението.

Бр.09-471/4
28.04.2021 год.
С к о п ј е

**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**Кирил Каранфилов**

Доставено до:
- Архива,
- „ТЕБА ЛТД“ ДООЕЛ Охрид, ул. Димитар Влахов бр.9/6, Охрид
- Агенција за промоција и поддршка на туризмот - Скопје, ул.ГТЦ кат 2 локал бр.11 Скопје